*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УПІБр. 18/25-2*
*14.07.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

**по изготвен**

Детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01, Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- На север границата се протега по осовината на станбена улица Лески
- На исток границата се протега по осовината на станбена улица Антон Панов
- На запад границата се протега по осовината на магистрална улица Партизанска
- На југ границата се протега по осовината на сервисна улица Крушевска Република

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 1.57ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен Детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

ШТИП
ASTIBO

# ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008




Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 15 јули 2025 год (вторник) и истиот ќе трае до 29 јули 2025 год (среда).

Јавната анкета и јавната презентација за Детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 31 ден од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 30 јули 2025 (среда) до 29 август 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 14 август (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*

*Борислава Мишева, диа*

*Контролирал:*

*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*

*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***

*Градоначалник*

*Иван Јорданов*